Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 299/0306
23.07 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 20 јули 2020 година, врз основа на примена жалба од Ана Цветковска Тороманоска, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „ДоказМ.мк, со текстот насловен „Директорот на МИА по ходници се фалел дека е човек на Калето, а сите знаеме како молеше да седне на фотељата“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 23 јуни 2020 година, новинарката Ана Цветковска Тороманоска поднесе жалба за текстот со наслов „Директорот на МИА по ходници се фалел дека е човек на Калето, а сите знаеме како молеше да седне на фотељата", објавен на 21 јуни 2020 година, на интернет – порталот „ДоказМ.мк (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи дискриминација и неточно и нефер известување.

*„Ширење лаги заради дискредитација на новинари кои професионално си ги извршуваат работните задачи, дискредитација на жената во нашето општество според стереотипите дека е „нечија", намалување на нејзината вредност и достигнувања во професијата врз основа на полова припадност",* се вели во поднесената претставка на уредничката на МИА, Ана Цветковска Тороманоска.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „ДоказМ.мк" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 16.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 16:*** *„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги".*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА**

На седницата на 20 јули 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврšија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за исклучително несериозен и непрофесионален текст, чија единствена цел е јавно да дискредитира, навреди и омаловажи група новинари, во случајов, директорот, уредничка и новинар на Медиумската информативна агенција (МИА). Фактот дека новинарскиот производ не исполнува минимум новинарски стандарди , меѓу другото, се потврдува и со тоа текстот е напишан со латинично, наместо стандардизираното кирилично писмо, во согласност со македонскиот стандарден јазик.

Новинарскиот производ е едностран, а начинот на кој е обработен нуди целосно необјективни и непроверени информации, кои во исто време задираат и во приватноста на личноста и содржат елементи кои се граничат со говор на омраза. Затоа, новинарите се обврзани да ги проверат информациите колку што е можно повеќе, за да ја избегнат опасноста од манипулации и дезинформирање на јавноста.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на „ДоказМ.мк“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е нагласена во следните реченици:

***„Директорот што се фали по ходници дека е човек на Калето и дека ни Заев не му можел ништо си ја постави швалерката Ана Цветковска за главен уредник на сите сервиси, наместо на искусен новинар и долгогодишен борец за СДСМ и против Грујо, Сашо Димовски. Ана досега беше прекуцувач на вести од странски јазици, а сега зима плата од 1000 евра, затоа што е во блиска врска со Драган Антоновски.“***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати во новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Понатаму, Комисијата се согласи дека во текстот е прекршен и **членот 16** од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот треба да го чува угледот и достоинството на својата професија и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги. Ваквата отстапка особено е забележителна во следните реченици од текстот:

***„Другиот случај е кога поранешниот Хаус мајстор Борис Куновски, инаку прв братучед на Рената Дескоска напредуваше до позиција трет човек во агенцијата.***

***Тој наводен новинар со купена диплома нема решение за тоа пошто не можат да го поставaт законски, па владее со некаква уредба на директорот.“***

Ниту новинари, ниту уредници не би смееле да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива и репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokazmakedonija.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595